ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
бр. 04-234/7
26.03 2026 год.
БИТОЛА

Врз основа на Член 37-м од Законот за јавните претпријатија директорот на ЈП „Стрежево" Битола на ден 26.03.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по Јавен оглас 03/2026, бр. 04-234/1 од 13.03.2026 година

Член 1

Согласно конечната ранг листа бр. 04-234/6 од 24.03.2026 година, доставена од страна на Комисијата за селекција на кандидати, Директорот на претпријатието донесе Олука со која ги избра кандидатите по позиции по Јавниот оглас бр. 03/2026 заверен под бр. 04-234/1 од 13.03.2026 година, за вработување на 1 (едно) лице, помошно технички персонал, на неопределено време, и тоа :

**За позиција бр. 1 - 1 (еден) извршител, КВ автомеханичар, КДР 04 01 А02 001, Сектор за машинство и експлоатација на возила, Одделение за експлоатација и регистрација на возила, сервис**

- **Дарко Талевски**

Член 2

Со избраниот кандидат да се склучи Договор за вработување на неопределено време, по конечноста на Одлуката.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а истата да се објави на интернет страницата и на огласната табла на претпријатието.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Од страна на ЈП „Стрежево" Битола, а врз основа на Одлуката за потреба од вработување на неопределено време бр.04-233/1 и Согласноста од Министерството за финансии бр. 19-908/2; 19-1177/2; 19-1384/2 од 23.02.2026 година, наш бр. 04-108/5 од 10.03.2026 година, беше објавен Јавен оглас 03/2026 од 14.03.2026 година, во дневниот печат "Нова Македонија" "Слободен печат" и "Лајм". По истиот пристигнаа Пријави од кандидати пропратени со бараните документи, по што следуваше разгледување на истите и селекција на кандидатите.

Согласно изготвената Конечна ранг листа на кандидати од страна на Комисијата за селекција бр. 04-234/6 од 24.03.2026 година, Директорот на Претпријатието согласно дадените овластувања ја донесе горенаведената Одлука.

Правна поука – Против оваа Одлука, незадоволните кандидати имаат право на жалба до Управниот одбор на ЈП „Стрежево" Битола, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на оваа одлука на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

Подговил: Билјана Ѓоргиева
Одобрил: Гоце Дамчевски

Директор
Вера Бешлиевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" • Битола